ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-218/12**

**Дата: 11.12.2014**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за одбрана (во натамошен текст Министерството) на сметката за основниот буџет (637) за 2013 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Министерство за одбрана за 2011 година, при што овластениот државен ревизор за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи - биланс на состојба изрази негативно мислење, за биланс на приходи и расходи за 2011 изрази мислење со резерва, додека за законското и наменското трошење на средствата овластениот државен ревизор исто така изрази негативно мислење.
Со ревизијата на преземени мерки по дадените препораки констатиравме дека за дел од дадените препораки преземени се мерки за надминување на состојбите.

За финансиските извештаи на Министерство за одбрана за 2013 година за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи – биланс на приходи и расходи изразивме мислење со резерва, негативно мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, и негативно мислење за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за одбрана за 2013 година констатиравме дека:
- Извршениот попис на средствата и изворите на средства на крајот на годината е нецелосен и делумно неусогласен;
- Министерството не врши осигурување на градежните објекти и опремата, освен за службените цивилни возила, поради што во случај на евентуална штета, не постои можност за надомест на истата;

- Не се обезбедени веродостојни документи за сметководствено евидентирање за дел од постојаните средства;
- Нереално се прикажани состојбите на обврските кон добавувачите;
- Постои неажурност во однос на раздолжувањето на исплатените аванси на вработените;
- Авансите за патување во странство се исплатуваат без да биде изработена пресметка за проценка на реалните трошоци;
- Преку договори за консултантски услуги се ангажираат лица за вршење работи кои се предвидени како работни обврски на работните места на раководители на сектори/ советници/ соработници;
- Утврдени се одредени неправилности во постапките за избор на најповолни економски оператори и во реализацијата на склучените договори за јавните набавки.

Со цел надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 23 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Министерство за одбрана, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2013 година, преглед на промени на изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2011 година на Министерство за одбрана, при што овластениот државен ревизор за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи - биланс на состојба изрази негативно мислење, за биланс на приходи и расходи за 2011 изрази мислење со резерва, додека за законското и наменското трошење на средствата овластениот државен ревизор исто така изрази негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Фатмир Бесими – министер до 17.02 2013 година и
- Талат Џафери – министер од 18.02.2013 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање

ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Министерство за одбрана се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.03.2014 до 31.07.2014 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата за 2011 година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2011 година.
Со ревизијата на преземени мерки по дадените препораки констатиравме дека од поголем дел од препораките не се спроведени (Прилог 1).

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2011 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во проценти** |
| Спроведени | 1 | 14 |
| Делумно спроведени | 3 | 43 |
| Неспроведени | 3 | 43 |
| **Вкупно:** | **7** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерство за одбрана–предмет на ревизија, одржан на ден 25 септември 2014 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 4.1. Интерни контроли

**Процес на евиденција и плаќање на обврските**

4.1.1. Во текот на 2010 и 2011 година во Министерството донесени се повеќе упатства за спроведување на процесите во секторот за финасии почнувајќи од планирање на буџетот, распределба, преземање на финансиски обврски, плаќања, контроли, евиденции и други подпроцеси. Утврдивме дека иако постои разграничување на надлежностите во планирањето, извршувањете, контролата и евиденцијата, не е намален ризикот од ненавремено комплетирање, проследување и контрола на документацијата. Ова се должи на фактот што Министерството како комплексна организација (15 сектори, едно одделение и 11 организациони делови на ГШ на АРМ), нема воспоставено единствен систем на менаџирање со документацијата, поради што приемот на истата (фактури, испратници, записници) се врши во седум гарнизони и сите погоре наведени организациони единици. Како резултат на ова, документацијата која е предмет на ex-ante контрола и евиденција, до секторот за финасии често се доставува со задоцнување од 30 дена и повеќе што има за ефект неажурна и ненавремена евиденција на обврските и побарувањата и влије на следењето на реализацијата на буџетот.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за доследна примена на донесените упатствата кои се однесуваат за спроведување процесите во секторот за финансии и да се преиспитаат предвидените рокови за доставување на документацијата помеѓу организационите делови на Министерството, заради нејзино навремено доставување и евидентирање.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2011 година на Министерство за одбрана - Сметка за основниот буџет 637, Овластениот државен ревизор извести за слабостите во однос на извршувањето на пописот, на неусогласување на фактичката состојба на нематеријалните и материјалните средства, залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар со сметководствената состојба.

Со увид во пописниот материјал за 2013 година утврдивме дека и покрај дадените препораки, најголемиот дел од состојбите сеуште не се надминати, и тоа:

- пописот е нецелосен од причина што во шест сектори пописот не е целосно завршен;
- средствата наведени во пописните листи содржат само натурални

показатели, но не и парични вредности што не е во согласност со член 31 став 1 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;

- дел од средствата кои со делбен биланс од 2005 и 2006 година од Министерството се доделени на други корисници - Дирекција за заштита и спасување и Центар за управување со кризи, како и средствата кои се предмет на кражби, сеуште се водат во материјалната евиденција на одредени центри и единици;
- не се врши усогласување на фактичката состојба на средства со нивните сметководствени вредности, што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Точка 4.3.2. подолу во овој извештај).

Неизвршениот или нецелосно извршениот попис создава услови од нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември и истовремено претставува ризик од можна злоупотреба на средствата.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат активности за целосно спроведување на пописот на средствата и изворите на средства согласно законската регулатива.

4.2.2. Согласно член 15 став 1 од Законот за користење и располагање со ствари на државните органи, Министерството за одбрана е должно да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, а согласно став 2 од истиот член, стварите треба да се осигураат во согласност со прописите за осигурување. Министерството за одбрана не врши осигурување на градежните објекти и опремата, освен за службените цивилни возила, поради што во случај на евентуална штета, не постои можност за надомест на истата.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за осигурување на целокупниот имот со кој истото располага.

## 4.3. Финансиски извештаи

Од страна на Овластениот државен ревизор во извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2011 година на Министерство за одбрана - Сметка за основниот буџет 637, известено е за нереалното прикажување на состојбите на позициите Побарувања од вработените, Постојани средства и Извори на деловни средства и Залихи, за кои и покрај

дадените препораки утврдивме ненадминати состојби:

4.3.1. Побарувањата од вработените се проценети во износ од 14.383 илјади денари и најголем дел се исплатени за школување, обука и за мировни операции во странство, чие раздолжување ќе се одвива во текот на 2014 година. И покрај тоа што состојбите на невратените аванси во 2013 година се подобрени во однос на состојбите во годините за кои ДЗР има издадено извештаи (2006 и 2011 година), Графикон 1, од извршениот увид во деловните книги ревизијата ги констатира следните состојби:

- Од невратените аванси исплатени за набавки во готово, патувања во странство и школување, чија состојба на 31.12.2013 година изнесува 7.569 илјади денари, во текот на 2013 година требало да бидат вратени, односно раздолжени 5.445 илјади денари (остатокот треба да се раздолжи по завршувањето на обуката- школувањето во текот на 2014 година). Дел од овие аванси, односно 1.974 илјади денари се раздолжени во 2014 година, односно за 2013 година сеуште не е извршено раздолжување на дадените аванси во износ од 3.471 илјади денари;
- со анализа на старосната структура на побарувањата утврдивме дека 7,7% од нераздолжените аванси потекнуваат од 2011 година, за кои постои можност од нивно застарување, 37% од побарувањата се од 2012 година, додека остатокот се од 2013 година;
- присутна е појава, вработени лица кои имаат нераздолжен аванс за службено патување и немаат доставено извештај од реализираната активност, да се упатуваат на друго службено патување, за кое им е одобрен и исплатен нов аванс, што не е во согласност со точка 13 и точка 30 од Упатството за спроведување на активностите пред и по упатување на службено патување во странство од 2010 година;
- со анализа на документацијата приложена при раздолжувањето на авансот утврдивме дека често исплатените аванси се поголеми од износите на трошоците направени на службеното патување. Ова се должи на фактот што службите задолжени за планирање и организирање на службените патувања не изработуваат пресметка за проценка на трошоците што не е во согласност со член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.

Исплаќање на два или повеќе аванси на едно лице во износи повисоки од потребните, раздолжување со авансите во рокови подолги од роковите предвидени со член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци доведува до можност од застарување на истите, доколку истече законскиот рок за нивно враќање.

**Препорака:**

Одговорните лица во Министерството да продолжат со активностите за навремено раздолжување на дадените аванси на вработените како и преземање на дополнителни мерки и активности доколку истите не бидат вратени.

во 000 денари




Графикон 1

4.3.2. Ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансискиот извештај – биланс на состојба на ден 31 декември за позициите Постојани средства и Извори на деловни средства поради следниве состојби:

- состојбата на Постојаните средства и Извори на деловните средства кои се проценети во износ од 1.423.156.103 илјади денари се непроменети во однос на состојбите утврдени на ден 31.12.2012 и 2011 година, односно истите се наследени состојби од формирањето на Армијата на Република Македонија. И покрај дадените препораки за преземање мерки и активности за целосно, комплетно, навремено, ажурно и хронолошко водење на податоците во деловните книги, состојбите не се променети;
- Од страна на министерот во текот на 2011 година донесени се неколку решенија за ставање во функција и оперативно користење на Логистички информациски систем – ЛИС, современ софтвер со можности за добивање различни анализи и показатели за идни планови. Од страна на секторот за внатрешна ревизија во Министерството, издаден е Конечен извештај инт. Бр.20-266/11 од 05.05.2014 година за извршена ревизија на успешноста на проектот „Логистички информациски систем (ЛИС) во Министерството и АРМ“, со кој е констатирано дека: „.... и покрај достигнатиот степен на определена функционалност на апликацијата ЛИС, истата, од првата половина на 2013 година е во оперативна употреба и не обезбедува точни, веродостојни, јасни, целосни, навремени, корисни, разбирливи

и достапни информации за економично, ефикасно и ефективно управување на логистичките процеси поради што не е постигната целта на проектот“ (софтверот не се користи);

- Во Министерството постои одделение за материјална евиденција каде се врши евиденција на сите набавени средства и материјали. Од извршеното интервју со одговорните лица на одделението и увидот во апликацијата за евиденција, утврдивме дека постои евиденција за сите набавени средства, опрема, ситен инвентар или потрошен материјал за Министерството и АРМ. Евиденцијата се однесува само на количината на средствата (примени/издадени), локацијата каде истото се наоѓа, лице кое е задолжено за користење и слично, но без податоци за нивната вредност. Од оваа евиденција се издаваат листи – состојба на сите материјални средства за една организациона единица во Министерството и АРМ, според кои се врши пописот и се утврдуваат разлики (кусоци/вишоци) ;
- Во секторот за недвижности и услуги воспоставена е евиденција на имотот со кој располага Министерството (имотен лист, површина, локација, намена и слично) без утврдени вредности;
- Согласно член 89 и член 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, Министерството има доставено известувања за состојбата на недвижни, односно движни ствари до Агенција на катастар на недвижности и Министерство за финансии, но без сметководствени вредности.

Проценувањето на вредноста на позициите без веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи не е во согласност со член 12 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и има за ефект презентирање на нереални состојби во финансиските извештаи на Министерството.

**Препорака:**

Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за:

- проценка на можноста за надградба на апликацијата за материјална евиденција на средствата со вредносни параметри;
- вршење проценка на недвижниот имот согласно Законот за процена;
- изработување на план и динамика за процена и евиденција на постојаните средства согласно динамиката на пописните комисии и
- целосно евидентирање на средствата и нивните извори.

4.3.3. Во Министерството за одбрана нема воспоставено сметководствена евиденција на набавката и трошењето на залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од член 6 став 2 и член 7 став 2 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Исто така Министерството нема

изготвено сметководствени политики за начинот на евидентирање и искажување на залихите како и утврдување на метод врз основа на кој ќе се вреднува истата, што не е во согласност со точка 1.3, потточки 1.3.1, 1.3.33, и 1.3.34 од Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

Непостоењето на сметководствени политики за залихите и невоспоставената евиденција на набавка и издавање на истите, не овозможува согледување на состојбата и движењето на залихите и влијае на реално и објективно искажување во финансискиот извештај – биланс на состојба. Исто така оваа состојба го зголемува ризикот од неовластено користење на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар.

**Препорака:**

Одговорното лице во секторот за финансии да воспостави сметководствена политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција.

4.3.4. Врз основа на меѓународните стандарди за ревизија 500 - Ревизорски докази и 505 - Екстерни конфирмации, од страна на ревизијата беа испратени конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни ревизорски докази за состојбата на обврските. Испративме 53 конфирмации кон добавувачите за потврда на неизмирени обврски во износ 80.469 илјади денари, односно 76% од вкупните обврски на Министерството (106.405 илјади денари). Од испратените конфирмации, до денот на завршување на ревизијата се добиени одговори од 25 комитенти кои се однесуваат на 40.879 илјади денари од евидентирани обврски, односно 51% од салдото опфатено со конфирмации од кои:

- 11 добавувачи потврдија обврски искажани во износ од 11.455 илјади денари во евиденцијата на Министерството, односно потврдено е 28% од салдото со вратените конфирмации;
- 14 конфирмации кои се однесуваат на евидентирани обврски од 29.425 илјади денари (72% од салдото со вратените конфирмации), пријавија побарувања во износ од 71.129 илјади денари, односно разлика во износ од 41.102 илјади денари што се должи на ненавремено евидентирани обврски во Министерството (точка 4.1.1. погоре во овој Извештај).

Утврдивме дека 29.243 илјади денари од фактурите чиј рок на доспевање е до 31 декември 2013 година евидентирани се како обврски во јануари 2014 година што е спротивно на начелата на ажурност и навременост на евидентирањето на сметководствените настани, пропишани во одредбите од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

Врз основа на изнесеното, ревизијата не обезбеди доволно докази дека проценетата вредност на позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачите во Билансот на состојба на ден 31.12.2013 година се реално и објективно искажани.

**Препорака**:

Одговорните лица во секторите на Министерството и АРМ да преземат активности во однос на забрзување на постапката на прием, потврдување и доставување на документацијата до одделението за сметководство.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Во текот на 2013 година меѓу Министерството и агенции/друштва за деловно посредување, за консултантски услуги склучени се 17 договори за ангажирање на надворешни лица во период од осум до дванаесет месеци со утврден месечен надомест. За преземаните обврски од страна на Министерството во текот на 2013 година исплатени се средства во износ од 3.259 илјади денари. Со увид во доставената документација, ги констатиравме следните состојби:

- доделените задачи и обврски на ангажираните лица одговараат на описот на работите и задачите на работни места раководители на сектори/ советници/ соработници кои се предвидени со Правилникот за систематизација на работни места во Министерството и истите се пополнети;
- за исти активности/услуги склучени се договори со повеќе лица;
- месечната исплата на договорениот надомест е врз основа на записник за извршени услуги одобрен од раководителот на секторот каде лицето е ангажирано, без да ни биде приложен извештај/ оцена/ мислење како конечен производ од дадената услуга;
- исплатата месечниот надомест за лицата се врши преку две агенции за деловно посредување со кои Министерството нема склучено договори и не е спроведена постапка за избор на економски оператори согласно член 17 од Законот за јавни набавки.

Поради наведениот начин на ангажирање на надворешните лица за консултантски услуги на кои им се доделуваат значајни работи, обврски и одговорности со склучување на договор, отежната е контролата и оценувањето на ефикасноста на работењето на овие лица, како и не се запазени во целост одредбите на законите[1] со кои се регулираат правата и обврските на вработените во органите на државната управа, како и начинот на нивното ангажирање.

[1] Закон за работни односи (Сл.весник на РМ бр.54/13 и 34/14), Закон за служба во Армијата на Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.77/12), Закон за државни службеници (Сл. весник на РМ" бр.76/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 106/13), Закон за агенции за привремени вработувања (Сл.весник на РМ" бр.49/06, 102/08, 145/10, 13/13, 38/14), и Закон за јавните набавки (Сл.весник на РМ" 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 111/14, 130/14).

**Препорака:**

Одговорните лица во Министерството ангажирањето на лицата за обезбедувањето на дополнителни услуги да го вршат согласно законската регулатива, како и да воспостават начин на следење на исполнувањето на договорните услуги.

4.4.2. Согласно член 212 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија и Правилникот за упатување на стручно оспособување и усовршување број 01-1275/1 од 20.02.2012 година, за потребите на службата во Армијата, Министерството може да упати воен и цивилен персонал на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација во високи воени школи и факултети во земјата или во странство. Доколку школувањето е подолго од 30 дена, за уредување на правата и обврските меѓу Министерството и упатеното лице се склучува договор.

Со увид во приложените фактури и договори, ревизијата констатира дека за набавка на авионски билети за посети на членови на семејствата на лицата упатени на стручно усовршување, исплатени се средства во износ од 1.064 илјади денари, за кои трошоци утврдивме дека освен во договорите, истите не се предвидени со законски одредби.

Трошењето на средствата без законски основ не е во согласност со член 37-в од Законот за буџетите, согласно кој буџетските корисници се должни одобрените средства да ги користат наменски, поради што се создаваат услови за незаконско трошење на средствата од буџетот на Министерството.

**Препорака:**

Трошоците кои се исплатуваат на воениот и цивилниот персонал при нивно упатување на школување, стручно оспособување, усовршување и специјализација, да бидат во рамки на законски предвидените средства.

4.4.3. За тековно и инвестиционо одржување на објектите на Министерството и АРМ со 15 економски оператори склучени се 26 рамковни спогодби за период од 29.08.2012 до 29.08.2014 година, за што се планирани средства во износ од 80.250 илјади денари. Ревизијата не се увери во реалноста на направените расходи во текот на 2013 година во износ од 79.950 илјади денари поради следниве причини:

- не се изработува проект/предмер-пресметка за да се утврдат количините и видовите работа што треба да се изведат, поради што не бевме во можност да потврдиме дека количините наведени во фактурите за изведените работи се согласно потребите на Министерството;
- за дел од извршените работи (предвидени со деловите 4, 5, 6 и 7), со спогодбите е предвидено изведувачот да достави фактури за извршените набавки и да фактурира по истите набавни цени.

Утврдивме дека за сервисирање на разни пумпи, дополнително набавените добра се фактурирани по цени кои се повисоки од набавната, што не е во согласност со член 2 од спогодбите;

- утврдените неправилности во спроведувањето на постапката се наведени во точка 4.4.6. подолу во овој извештај.

Како резултат на наведените состојби, за периодот од 29.08.2012 година до 31.12.2013 година за извршени работи согласно склучените спогодби, во Министерството се пристигнати фактури во износ од 106.738 илјади денари, односно повеќе се потрошени 26.488 илјади денари, или 33% повеќе во однос на средствата планирани со одлуката за набавка за период од 16 месеци, а не за период од две години за колку што се склучени спогодбите (Прилог 2 и Прилог 3).

Не постоењето на предмер пресметки ја намалува можноста од контрола и надзор над работите во текот на извршувањето и не овозможува следење на извршените во однос на платените работи.

**Препорака:**
Одговорните лица во Министерството да преземат мерки и активности за претходно планирање на видовите работи и потребните количини пред доделување на договори за  тековно и инвестиционо одржување на објектите, како и доследна реализација на одредбите од склучените договори.

**Јавни набавки**
Со ревизијата на склучените договори за јавни набавки и извршениот увид во нивната реализација констатирани се следните состојби:

4.4.4. Заради навремено, квалитетно и подеднакво извршување на работните обврски, од страна на одговорните лица во секторите во Министерството, донесени се интерни процедури за процесите на работење кои од министерот се одобрени во текот на ноември и декември 2013 година. Планирањето на набавките (предмет на набавката, количини, планирани средства, период на реализација) се врши во сите организациони единици на Министерството и АРМ, кои планови се доставуваат до Секторот за логистика каде се врши консолидирање на набавките, нивно групирање по видови и усогласување на средствата и временскиот период заради планирање на видот на набавката. Секторот за логистика како носечка организациона единица за планирање и реализирање на јавните набавки нема донесено ниту една процедура за извршување на работните процеси, што од своја страна придонесува за различна примена на одредбите на Законот за јавни набавки и пролонгирање на набавките.

4.4.5. Согласно член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, член 6 од Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси и точка 10 од Упатство за спроведување на финансиските процеси и начинот на преземање на финансиските обврски во Министерството број 13-106/1 од 02.01.2013 година[2], на командантите на командите и единиците на АРМ доделени се овластувања за спроведување на постапки за јавни набавки, склучување на договори и реализација на истите. Со решение на министерот број 13-316/1 од 09.01.2013 година за овие набавки одобрени се средства во износ од 31.757 илјади денари распределени по Воени пошти, ставки, програми (Прилог 4.)

Имајќи во предвид дека во својата организациона поставеност Министерството има утврдено организационен облик (Сектор за логистика) во чии рамки се вршат работите од областа на јавните набавки, воспоставена е пракса на делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност како и спроведување на набавки за кои веќе е спроведена постапка во тековната година на ниво на министерство, што не е во согласност со член 27 од Законот за јавни набавки. Исто така спроведувањето на постапки за доделување на договори од повеќе организациони единици не е во согласност со член 4 став 1 и член 29-а од наведениот закон, од причина што командите не се посебни правни лица т.е. не се договорни органи.

Ваквиот начин на организација на набавки за потребите на организациските делови на Министерството, односно на командите и единиците на АРМ, создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

4.4.6. Согласно член 162 став 2 од Законот за јавни набавки предвидено е ........„договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество“......... Од тестираните 20 постапки утврдивме

[2] ... „за потребите на командите и единиците на Армијата на Република Македонија, на предлог на началникот на Генералштабот, за јавни набавки согласно членовите 100 до 104 од Законот за јавните набавки, односно за набавки кои се спроведуваат со постапка со барање за прибирање на понуди (до 5.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ), министерот со решение ја определува висината на средствата, по воени пошти, сметки, потпрограми и потставки. Командантите на командите и единиците на Армијата на Република Македонија спроведуваат набавки, односно превземаат финансиски обврски, согласно членовите 100 до 104 од Законот за јавните набавки, со сопствени комисии за набавки, во висина на средствата одобрени, врз основа на посебно решение за овластување кое го донесува министерот за одбрана “...

дека во 9 од нив, одлуката за избор на најповолна понуда е донесена во рокови подолги од роковите предвидени за доставување на понудите што придонесува за пролонгирање на рокот за склучување на договорите и намалена реализација на средствата планирани за набавките (Прилог 5).

4.4.7. За тековно и инвестиционо одржување на објектите и комплексите на АРМ и Министерството склучени се рамковни спогодби по постапка за избор на најповолни економски оператори, број 17/1-39/8/2012 од 2012 година, при што ги утврдивме следниве неправилности;

- постапката е спроведена како делива за 12 дела по видови на работа. Ниту една од одделните технички спецификации во тендерската документација не содржат количини на предвидените работи. Вредноста на понудата е вкупна вредност од вредноста на поединечните стоки/услуги/работи;
- Со техничката спецификација побарано е од понудувачите да достават цени за:
    - надомест за превозни трошоци изразено во проценти (%) од цена на литар гориво за работи на локации кои се оддалечени повеќе од 30 километри од Скопје;
    - процентуално зголемување на цената на услугата за работа во празнични денови, отежнати услови;
    - период на гарантен рок.

  Утврдивме дека овие дополнителни трошоци не се дефинирани како критериуми во тендерската документација и не влијаат при евалуацијата на понудите, иако понудените вредности се вкалкулирани во спогодбите и доставените фактури и истите влијаат на зголемување на вредноста на извршените работи;
- Министерството нема доделено договори за јавни набавки по ниту една од склучените 26 рамковни спогодби што не е во согласност со член 117 став 2 и член 119 став 2 од Законот за јавни набавки;
- Со анализа на вредноста на прифатените понуди со рамковните спогодби и доставените фактури од економските оператори, ревизијата утврди дека економскиот оператор со најповолната понуда не е редовно ангажиран за извршување на работите (Прилог 6).

4.4.8. За сервисирање на возилата на Министерството и АРМ, спроведени се постапки за избор на најповолни понудувачи - сервисери во кои како најповолна понуда е земана најниско понудената вредност за потребните норма/работни часови за сервисирање на возилата, без при тоа да се земат во предвид цените на резервните делови. Согласно склучените договори, во текот на 2013 година за сервисирање на возилата потрошени се 14.361 илјади денари.

При тоа, најчесто вредноста на потрошените работни часови за сервисирање (работна рака) претставува незначителен дел во вкупните трошоци, односно вредноста на фактурата, бидејќи најголемиот дел произлегува од цените на резервните делови. Во дел од фактурите утврдивме дека 73 % од износот на трошоците се однесуваат на вредноста на резервните делови, додека 27% од трошоците се однесуваат на вредноста на работната рака. Иако во член 2 од договорите е предвидено резервните делови да се наплатуваат според нивната набавна вредност, зголемена за трошоците за превоз, царина, шпедиција и маржа, ревизијата не се увери во начинот на формирање на нивната цена од причина што не е обезбедена документација која ќе ја потврди набавната вредност на деловите или дополнителните трошоци.

Ваквиот начин на спроведување на постапки и склучување на договори не е во согласност со член 16 став 2 од Законот за јавни набавки[3] и создава можност понудата на најниски цени на работните саати за извршување на услугите, да не мора да значи и најприфатлива понуда доколку критериум е цената на резервите делови (Прилог 7).

**Препорака**

Одговорните лица во Министерството при спроведувањето на постапките за јавните набавки да ги преземат неопходните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат постапување при спроведувањето на постапките како и при доделувањето на договори за јавни набавки согласно законската регулатива.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2 и 4.3. и 4.4. е:

- нецелосно извршен попис на средствата и изворите на средства;
- необезбедени веродостојни документи за сметководствено евидентирање на движниот, недвижниот имот и залихите на материјали и ситен инвентар;
- исплаќање на аванси за патувања во странство во износи повисоки од реално потребните и нивно ненавремено враќање;
- нереално прикажани состојби на обврските кон добавувачите;
- ангажирање на лица преку договори за консултантски услуги за вршење работи предвидени како работни обврски на работните места на раководители на сектори/ советници/ соработници;
- утврдените неправилности во реализацијата на склучените договори и

[3] (1) Предмет на договорот за јавна набавка на стоки претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката.

(2) Договорот за јавна набавка чијшто основен предмет е набавка на стоки, а кој опфаќа и активности за нивно поставување и вградување е договор за јавна набавка на стоки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3., финансискиот извештај биланс на приходи и расходи, ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за одбрана на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3., финансискиот извештај биланс на состојба не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за одбрана на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за одбрана, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

Поради својата значајност како и поради потребата да се обрне внимание во иднина ревизијата смета за потребно да се укаже на следниве состојби:

6.1. Системот на плати, надоместоци на плати, други надоместоци на плати и слични прашања за персоналот на служба во Армијата на Република Македонија се регулирани со Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Со извршеното споредување на начинот на утврдување и пресметување на овие права, согласно законските и подзаконските акти кои го уредуваат истото за други категории на вработени (избрани и именувани лица во Република Македонија, државни службеници и вработени кои немаат статус на државни службеници), ревизијата утврди определени разлики и тоа:

- Со одредбата на член 169 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија, регулирано е дека во случај на престанување на работниот однос поради пензионирање, активниот воен персонал има право на еднократен надоместок во вид на отпремнина, во износ од три просечни месечни плати исплатени во Република Македонија во последните три

месеци. Наведената одредба не е усогласена со одредбите од системските закони, односно со членот 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија и членот 14 од Законот за извршување на буџетот за 2013 година, според кои правото на надоместок за отпремнина при заминување во пензија е ограничено на двократен износ пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Република Македонија објавена до денот на исплатата;

- Според одредбата од член 151 од Законот за служба во Армијата на Армијата на Република Македонија, работното искуство на воениот и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија се вреднува со 0,5% за работно искуство за секоја започната година работен стаж, додека истото ова право за вработените во јавниот сектор кои имаат третман на државни службеници и недржавни службеници работниот стаж се вреднува со секоја завршена година работен стаж.

Ревизијата укажува на потребата за законско усогласување на утврдената состојба, која предизвикува нерамноправна положба на вработените во јавниот сектор, различен пристап на признавање на одредени права и покрај тоа што се работи за ист вид на право од работен однос, што не е во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија.

6.2. Република Македонија со години наназад активно учествува и придонесува за регионалната и меѓународната безбедност. Како во изминатите години, така и во 2013 година, Република Македонија со технички и персонални капацитети учествува во три меѓународни операции надвор од својата територија: ISAF-Авганистан, ALTHEA-Босна и Херцеговина и UNUFIL-Либан каде се упатени вкупно 334 лица.

Согласно член 200 од Законот за служба во АРМ и Правилник за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката, на лицата упатени во мировни мисии им се исплаќа надомест.

За исплата на потребните надоместоците за овие лица, во 2013 година исплатени се 333.400 илјади денари од кои 200.000 илјади денари со одлука на Влада на Република Македонија број 41-2339/1 од 16.04.2013 година се обезбедени од Министерство за финансии- функции на државата исто како и во 2012 година.

Имајќи ги во предвид долгорочните планови на Владата на РМ и Министерството за натамошно учество во хуманитарните и мировните операции предводени од ООН, НАТО и ЕУ, ревизијата смета за потребно да укаже дека средствата потребни за реализирање програмата 30 - Мировни и хуманитарни мисии, препорачливо е да бидат составен дел на финансискиот план на Министерството, а не да се доделуваат од Министерството за финансии - функции на државата .

## 7. Нагласувања на прашања на неизвесност и континуитет

7.1. По основ на правосилни судски исправи исплатени се средства во износ од 23.171 илјади денари од кои:

- главен долг во износ од 13.484 илјади денари или 58% од вкупно исплатените средства;
- камата во износ од 7.233 илјади денари или 31% од вкупно исплатените средства и
- трошоци за извршување во износ од 2.455 илјади денари или 11% од вкупно исплатените средства.

Утврдивме дека овие трошоци во 2013 година во однос на 2012 година се повисоки за 36,58%, односно повеќе се исплатени средства во износ од 6.207 илјади денари.

Од причина што периодот на комплетирање и доставување на потребната документација до Трезорската канцеларија при Министерство за финансии за исплата на долгот по судска пресуда е подолг во однос на доброволните рокови предвидени со Закон за извршување и Закон за парничната постапка, во минатиот период Министерството се соочувало со двојна наплата на ист долг: еднаш преку трезор и втор пат присилно преку извршител. Поради долгиот период за враќање на двојно платените средства, во Министерството воспоставена е пракса долгот да се наплати преку извршител. Ваквиот начин на плаќање на обврските генерира дополнителни трошоци за извршување, а на товар на буџетот на Министерството за одбрана.

7.2. Во текот на 2013 година од средствата на буџетот на Министерството, за репрезентација потрошени се 20.259 илјади денари (во 2012 – 16.454 илјади денари) од кои 9.380 илјади денари се исплатени во корист на сметката на приходи од самофинансирачки активности на Министерството (787-20) каде што Министерството остварува приходи од продажба на угостителски услуги од Домот на армијата во Скопје. Со анализа на состојбите на обврските евидентирани на сметката на основен буџет – 637 и побарувањата евидентирани на сметката на приходи од самофинансирачки активности 787-20, ги утврдивме следниве состојби:

- Постои неусогласеност на меѓусебните обврски и побарувања, односно на сметката 637 евидентирани се обврски во износ од 11.225 илјади денари, односно 2.372 илјади денари помалку во однос на побарувањата евидентирани на сметката 787-20 (13.597 илјади денари) поради ненавременото доставување на документацијата до одделението за сметководство;
- 46% од трошоците за репрезентација на Министерството и АРМ во 2013 година се реализирани во Дом на АРМ ;

- 52% од приходите остварени на сметката на приходи од самофинансирачки активности 787-20 се по основ наплатени фактури од Министерството - сметка на основен буџет 637.

Укажуваме на воспоставената пракса на функционирање на сметката 787-20 во најголем дел за обезбедување на услуги за репрезентација за Министерството, што не е во насока на функциите на сметките за самофинасирачки активности на државните органи. Меѓусебната зависност на сметките 637 и 787-20 на Министерството од трошоците, односно приходите од репрезентација влијае на висината на преземаните обврски на буџетската сметката над одобрените средства со Буџетот исто како и на ликвидноста на сметката од самофинансирачки активности во наредни периоди.

Износот на неплатени обврски за репрезентација има тенденција на зголемување што е објаснето во точка 6.2. од Нацрт извештајот за сметката на буџетот од самофинансирачки активности (787) за 2013 година.

7.3. Министерството за одбрана континуирано учествува во мисиите и операциите предводени од ООН, НАТО и ЕУ. Во 2013 година Република Македонија активно учествува во три меѓународни мисии: ISAF-Авганистан, ALTHEA-Босна и Херцеговина и UNUFIL-Либан, за што од Министерството се ангажирани 334 лица. Согласно член 200 од Законот за служба во АРМ и Правилникот за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката, за оваа намена во текот на 2013 година исплатени се средства во износ од 337.385 илјади денари. Министерството нема пресметано и платено персонален данок на доход за овие надоместоци од причина што истите имаат третман на теренски додаток, согласно член 6 став 1 точка 6 од Законот за персоналниот данок на доход (за исплатените надоместоци за персонален данок на доход за 2013 година Министерството требало да плати 37.483 илјади денари).

Исто така, со претходно наведениот правилник, лицата испратени во мировни и хуманитарни мисии, по завршување на истите, имаат право на теренски додаток во износ утврден согласно член 8 од Законот за извршување на буџетот на РМ, односно 30% од просечната месечна нето плата исплатена во РМ во претходните три месеци. Во 2013 година за теренски додаток исплатени се 12.862 илјади денари.

Ревизијата укажува на потребата одговорните лица на Министерството, во соработка со надлежните органи да отпочнат иницијатива за утврдување на даночниот третман на надоместокот за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката, согласно Законот за персонален данок.

7.4. Со извршените ревизии на финансиските извештаи за 2006 и 2011 година, овластениот државен ревизор извести за состојбата на позицијата - Вонбилансна евиденција од финансискиот извештај - биланс на состојба, каде се евидентирани стари нераздолжени уплати како кон правни, така и кон – вработени лица по основ на исплатени а не раздолжени аванси.

При реализирањето на пописот на средствата, побарувањата и обврските на Министерството и АРМ за 2013 година, комисијата за попис на обврските и побарувањата извршила детална анализа состојбите во вонбилансната евиденција. Од страна на министерот донесено е решение број 02-1170/1 од 19.02.2014 година со кои се одобрува отпис во износ од 7.396 илјади денари по основ на исплати по профактури пред 2000 година.

Решението е донесено по претходно Мислење по предлог отпис на побарувањата број 10-81/1 од 10.02.2014 од сектор за инспекција во одбраната и Мислење број 20-158/1 од 11.02.2014 од сектор за внатрешна ревизија при МО.

7.5. Министерството за одбрана е тужена страна во судски спорови од физички и правни лица за утврден долг во вкупен износ од 497.353 илјади денари и се јавува како тужител кон физички и правни лица за утврдени побарувања во износ од 1.026.201 илјади денари.

7.6. Во текот на ревизијата од страна на Министерството за одбрана прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, што резултираше со промени на активата и пасивата во финансискиот извештај - биланс на состојба. При тоа презентирани се налог за книжење број 07/00137 од 30.07.2014 и налог број 17/00026 од 25.07.2014 година, со кои се изврши зголемување на Обврските и АВР за износ од 1.684.145 илјади денари.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 5.583.585 | 5.582.452 |
| **Вкупно приходи** | | **5.583.585** | **5.582.452** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 3.201.056 | 3.242.543 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 1.825.047 | 1.815.610 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 3.2.3. | 109.000 | 112.000 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 58.231 | 52.192 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **5.193.334** | **5.222.345** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 390.251 | 360.107 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **390.251** | **360.107** |
| **Вкупно расходи** | | **5.583.585** | **5.582.452** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |
| **Непокриени расходи** | | **0** | **0** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3.144 | 4.432 |
| Побарувања | 4.1.2. | 4.642 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 4.102 | 6.655 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 14.383 | 18.721 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.5. | 975.591 | 342.276 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 2.105.041 | 401.499 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.106.903** | **773.583** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 12.371.898 | 12.371.898 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.410.784.206 | 1.410.784.206 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.423.156.104** | **1.423.156.104** |
| **Вкупна актива** | | **1.426.263.007** | **1.423.929.687** |
| **Вонбилансна актива** | 4.6. | **7.407** | **16.304** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 106.405 | 138.031 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 87.709 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.3. | 449 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 263.205 | 263.468 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 1.001.862 | 372.084 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.459.630** | **773.583** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4.1. | **1.647.273** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 1.423.156.104 | 1.423.156.104 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.423.156.104** | **1.423.156.104** |
| **Извори на други средства** | | **0** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **1.426.263.007** | **1.423.929.687** |
| **Вонбилансна пасива** | 4.6. | **7.407** | **16.304** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2013 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2013 година** | **1.423.156.104** | **-** | **1.423.156.104** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2013 година** | **1.423.156.104** | **-** | **1.423.156.104** |